СКАНДАЛ

ЗОШТО НЕ СЕ ЕМИТУВАШЕ СНИМКАТА ОД "ЗЛАТНА БУБАМАРА НА ПОПУЛАРНОСТА"

# А1 вели дека се штити од манипулациите на Латас

**■Снимката од "Златна бубамара на популарноста" не се емитуваше на А1 телевизија бидејќи во ТВ-куќата биле лути на самобендисаните фалби на Латас кој излажал дека сителовите вести се најгледани и највлијателни, иако конкурентската телевизија доби многу повеќе награди**



Петтата, јубилејна "Златна бубамара на популарноста" заврши со скандал. Скандалот се случи меѓу А1 телевизија и радио Бубамара, ден по одржувањето на манифестацијата, откако А1 телевизија одби да ја емитува снимката од забавата поради самофалбата на Драган Павловиќ-Латас, во вестите на ТВ Сител.

Снимката од манифестацијата во Универзална сала требаше да се емитува во четвртокот вечерта, од 20 часот, а за сметка на тоа гледачите да останат без популарните серии "Мaѓепсани" и "Дивиот ангел". Но, место снимката од "Златна бубамара", како и вообичаено, почнаа сериите, а А1 на телоп, поради технички проблеми, им се извинуваше на гледачите дека и покрај најавата, не е во можност да ја емитува снимката.

Но, причината за тоа, како што дознаваме, не се техничките проблеми, туку најавата на Драган Павловиќ-Латас, кој на "Бубамара" доби награда за уредник-презентер, а во вестите во 18 часот објавил дека вестите на Сител се наградени, дека се највлијателни и најгледани во државава.

Уредникот на А1 телевизија, Ацо Кабранов, во 18.45 часот го забранил емитувањето на снимката, иако на самата манифестација "Бубамари" добија и новинарите на неговата телевизија Биљана Секуловска и Снежана Лупевска, потоа анимираниот Пецко од неделните вести и емисиите "Вртелешка" и "К-15". Лут на фалбите на Латас, тој сопственикот на радиото го прашал врз која основа дели награди на новинари, а Латас не е новинар. Освен тоа, Кабранов бил лут што веднаш откако Лупевска од А1 ја добила наградата за најдобар ТВ-репортер, Латас на сцената рекол дека најдобар репортер е Ивона Талевска.

"Многу ми е жал, но манифестацијата "Златна бубамара" нема да се емитува на А1. Нема да оди зашто сакаме да ја заштитиме А1 како сериозна телевизија која несреќно влета во шемата на Латас и "Бубамара", ни изјави Кабранов. Тој додаде дека со најискрени намери кон гледачите што биле во Универзална, тие како ТВ имаат право и обврска да си се заштитат и себебси и нивните гледачи како куќа од манипулациите што ги прави Латас. " А1 е сериозна телевизија, ние не сме вестите на Латас", рече Кабранов.

На ова сопственикот на радио Бубамара, Ранко Петровиќ, ни рече дека тоа што требало тие, како организатори, да го изработат - го изработиле. "Дека сé е во ред, вели Петровиќ, покажа и реакцијата на публиката во Универзална сала, која беше воодушевена. Снимката е во А1 и се надевам дека ќе ја објават зашто имаме договор и според тој договор и програмската шема на телевизијата треба да се емитува. Во таа снимка ќе се види кој за што добил награда и дека сите наградени добија голем аплауз. Ова е вечер каде што на едно место се собира еснафот од медиумите, музиката, културата, спортот и сите се наградени за успешната работа во изминатата година. А по свеченоста кој добитник како ќе се пофали за наградата не е наша работа. Сé уште верувам дека А1 е отворена и сериозна ТВ која ќе се придржува кон договорт и суетите на некои луѓе нема да дојдат до израз".

*В.Миленковска*

# Телефонски картички се собираат само во Скопје

КОЛЕКЦИОНЕРСТВО

**■ Најскапа телефонска картичка кај нас е првата македонска картичка, за која колекционерите треба да одвојат од 150 до 200 евра. Во колекциите може да се најдат и користени, но и воопшто неупотребени картички, како и оние што излегле во мошне ограничен тираж**



*Во Македонија досега се издаден 60 серии на телефонски картички*

Првата телефонска картичка во светот се појавила во 1976 година во Франција, а првите телефонски говорници почнале да функционираат во 1984 година. Оттогаш практично се појавиле и првите колекционери на телефонски картички. Во Македонија првите пробни телефонски картички се пуштени во употреба во 1994 година, а во ноември 1995 година почна и официјалната употреба на телефонските говорници. Кај нас собирачи на телефонски картички и тогаш имало, но во последно време овој вид колекционерство добива во интензитет.

Во Здружението на колекционерите "Картофил" велат дека и досега имало луѓе кои собирале телефонски картички, но за нив многу малку се знае, бидејќи не биле клупски организирани. Тие немаат прецизен број на колекционерите во Македонија, но велат дека имаат сознанија дека телефонски картички се собираат само во Скопје. Досега во Македонија во промет се пуштени 60 серии на телефонски картички, чија цена во колекционерските кругови е поголема колку што е помал нивниот тираж. Најскапа телефонска картичка кај нас е првата картичка, за која колекционерите треба да одвојат од 150 до 200 евра. Во колекциите може да се најдат и користени, но и воопшто неупотребени картички, како и оние што излегле во мошне ограничен тираж.

Стојан Кошевалиски, претседател на Здружението "Картофил", објаснува дека речиси сите нумизматичари и филателисти собираат и телефонски картички, но дека има и луѓе кои исклучиво се занимаваат со овој вид колекционерство. "Во Здружението имаме дваесетина членови кои главно собираат поштенски марки и парички. Но, има и такви што собираат кибритчиња, шеќерчиња и телефонски картички. Една наша членка собира само телефонски картички, и досега има околу 5.000. Јас ги имам скоро сите серии на македонските телефонски картички, и имам уште 600 од други. Директорот на Центарот за јавни говорници, Александар Евнушев, ми подари две многу ретки македонски картички. Едната уште при самото излегување била со грешка, и има само 100 примероци, додека другата е бела и од неа има само 10 примероци", вели тој.

*(Е.А.)*